Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) Градоначалникот на Општина Аеродром -Скопје распишува

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА АЕРОДРОМ
Сектор за комунални работи, урбанизам и заштита и унапредување на животната средина
Бр. 16-3569/1
05 SEP 2019 20 год.
СКОПЈЕ

# ЈАВЕН ПОВИК

## за доставување иницијативи за изработка на

## урбанистички планови

Јавниот повик се распишува во согласност со член 21 став (1) од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

**Јавниот повик ќе трае од 11.09.2019 до 10.10.2019 година или 30 дена, сметано од објавувањето во печатен медиум.**

Во текот на јавниот повик, сите заинтересирани физички и правни лица можат да доставаат иницијативи за изработување и донесување на урбанистички планови од членот 7 став (1), точка 2, алинеја 2, 3 и 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма преку архивата на општината.

Предмет на иницијатива може да биде донесување нов урбанистички план или изменување и дополнување на важечки урбанистички план, со образложение за бараните изменувања и предлог за планскиот опфат.

За доставените иницијативи подносителите ќе бидат известени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам или во писмена форма, во рок од 15 работни дена по истекот на рокот за доставување на иницијативи.

Средствата за прифатените иницијативи за изработување и донесување на урбанистичките планови треба да ги обезбедат правните или физичките лица подносители на иницијативите.

Јавниот повик ќе биде објавен на интернет страната на Општина Аеродром, www.aerodrom.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам, во „Службен гласник на Општина Аеродром - Скопје“ и во еден дневен весник.

**ОПШТИНА АЕРОДРОМ**

Република Северна Македонија - Општина Аеродром • Скопје •